**НВО ИНФОЦЕНТАР**
**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

# Мониторинг на медиуми

## 10 мај - 28 јули 2011 година

---

## Има ли кој да ја турка европската агенда во Македонија?



**СКОПЈЕ, октомври 2011**

НВО ИНФОЦЕНТАР
МЦЕТ
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

## С О Д Р Ж И Н А


1. ВОВЕД 3

2. КВАНТИТАТИВЕН ПРЕСЕК 3

3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 4

4. АНАЛИЗА 6

4.1 Фер и демократски избори: апели и очекувања 6

4.2 ЕУ агендата во кампањата на политичките партии 7

4.3 Орбан и и десничарите во предизборниот караван 8

4.4 Соренсен си заминува 9

4.5 Враќање на визите ? 9

4.6 Името: неизбежна тема 10

4.7 Оценки за изборниот процес 11

4.8 Полско претседателство 12

4.9 Дипломатски активности 13

4.10 Експозе 14

4.11 Забелешките на ЕУ 15

## Има ли кој да ја турка европската агенда во Македонија?

### 1. Вовед

НВО Инфоцентарот, во соработка со Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО), а со финансиска поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ), и во 2011 година го мониторира квалитетот на информирањето на медиумите за евроинтеграциските процеси на Република Македонија.

Овој извештај го покрива периодот од 10 мај до 28 јули 2011 година. Предмет на анализа беа прилозите и написите во **осум дневни весници** („Утрински весник“; „Дневник“; „Вест“; „Вечер“; „Време“; „Нова Македонија“„Шпиц“ и „Коха“) и централните информативни емисии, на **осум телевизии со национална и сателитска концесија** („А1“; „Канал 5“; „Сител“; „Телма“; „МТВ1“; „Алфа, „АлсатМ“ и МТВ 2“„). Притоа, весниците „Време“ и „Шпиц“ беа анализирани до 2 јули 2011, а телевизијата „А1“ до 19 јули 2011, односно до моментот на нивното згаснување. Исто така, весникот „Коха“ беше мониториран до 2 јули 2011, а телевизијата „МТВ 2“ беше мониторирана само во периодот на Парламентарните избори 2011 односно од 10 мај до 8 јуни 2011 година.

Во однос на методологијата на мониторирање потребно е да се напомене дека во периодот, од 10 мај до 8 јуни 2011, односно во периодот на Парламентарните избори 2011, печатените и електронските медиуми беа мониторирани секојдневно, додека, во периодот од 22 јуни до 28 јули 2011 година, печатените медиуми беа мониторирани секој вторник, четврток и сабота, а електронските медиуми во понеделник, среда и петок.

Во наведените периоди на мониторирање, од технички причини недостасуваат централните информативни емисии: АлсатМ (3 јуни 2011), Телма (22 јуни и 1 јули 2011) и МТВ1 (1 јули 2011).

### 2. Квантитативен пресек

Во периодот на мониторинг беа објавени и анализирани вкупно **317 новинарски прилози и текстови,** од кои во електронските медиуми беа објавени **126 (40%)**, а во печатените медиуми **191 (60%).**

Преглед на објавени текстови во печатените медиуми:

- „Утрински Весник“ - 49 (15%)
- „Вечер“ - 41 (13%)
- „Дневник“ - 29 (9%)
- „Време“ - 21(7%)
- „Нова Македонија“ - 23(7%)
- „Коха“ - 15 (5%)
- „Шпиц“ - 9 (3%)
- „Вест“ - 4 (1%)

Преглед на објавени прилози во електронските медиуми:

- „МТВ 1" - 26 (8%)
- „Канал 5" - 25 (8%)
- „А1" - 19 (6%)
- „Сител" - 14 (4%)
- „Алфа" - 14 (4%)
- „Алсат М" - 13 (4%)
- „МТВ 2" - 8 (3% )
- „Телма" - 7 (2% )

Преглед според жанрови:

- Извештај - 223 (70%)
- Вести - 35 (11%)
- Изјава - 32(10%)
- Коментар - 20 (6%)
- Интервју - 6 (2%)
- Анализа - 1 (1%)

## 3. Заклучоци и препораки

Оваа година, во споредба со претходните години, квалитетот и квантитетот на информирањето за евроинтеграциските процеси во Македонија, драстично се намалува. Граѓаните добиваат многу малку информации за евроинтеграциите, а што се однесува до содржината, најчесто се тоа само изјави на политички личности поврзани со изборите, спорот со името и др.

За разлика од претходните години, новинарите и медиумите веќе немаат про-активна улога и многу малку информираат за политиките и реформите клучни за влезот на Македонија во ЕУ. Овој тренд го наметнува Владата, а го следи опозицијата, но и самите претставници на Европската унија. Недостигот од информации за евроинтеграциите делумно се должи и на фактот што во овој период згаснаа неколку медиуми (А1, Време, Шпиц и Коха е ре) кои беа активни поддржувачи на влезот на Македонија во ЕУ.

Ваквото драстично опаѓање на интересот за евроинтеграциите, од страна на медиумите, но и од страна на сите релевантни општествени и политички фактори, можеме да очекуваме дека ќе резултира со менување на јавното мислење и зголемување на степенот на евроскептицизам кај македонските граѓаните.

Во периодот на изборите, европската агенда беше присутна многу малку и тоа најчесто преку изјавите на евродипломатите за нужноста од спроведување фер, демократски и ненасилни избори. Директните учесници во изборниот процес, и оние на власт и оние во опозиција, како да проценија дека европските теми нема да им донесат повеќе гласачи, па евроинтгерациите, не само што ги немаше во нивните

јавни настапи, туку, тие беа сосема малку и многу површно застапени во нивната програмска понуда.

Ова загрижувачки мало присуство на евро-темите за време на изборите, продолжи и во постизборниот период односно во периодот до формирањето на Владата. Европската агенда од страна на владејачката коалиција беше потисната во втор план, а ни опозицијата не беше особено гласна во наметнувањето на темите клучни за евроинтеграциите на Македонија.

Карактеристично за изборниот и постизборниот период е тоа што ни претставниците на Европската унија и Европската комисија не направија никаков обид за ре-актуелизирање на евроагендата. Можеби тоа се должи на фактот што Македонија токму во овој период речиси е без евроамбасадор во земјата. Единствено забележително беше присуството на европските претставници во улога на поддржувачи на определени политички партии – директни учесници во изборниот процес и во улога на дипломати кои постојано потсетуваа дека во Македонија мора да има беспрекорни демокретски избори.

Новинарите, информирајќи за евроинтеграциите, себе си главно се сведуваат на пренесувачи на изјави и пораки на домашните и странските политичари. Немаат сила или пак, интерес, да наметнат вистинска и суштинска дебата за евроинтеграциите. Отсуствуваат анализи и коментари. Присутни се главно само изјави, вести и извештаи.

На 12 октомври 2011, Европската комисија ќе го објави Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2011 година. Претходните години интересот на новинарите за содржината на извештајот беше голем, постојан и интензивен. Минатата година, на пример, поголемиот број медиуми прецизно, па дури и детално, ги детектираа клучните теми, заклучоци и препораки на Извештајот на Европската комисија (ЕК) уште пред неговото објавување. Новинарите, во обид да предвидат колку што е можно попрецизно каква ќе биде содржината на Извештајот, ги консултираа претставниците на: власта, опозицијата, ЕУ, граѓанското општество, како и експертите.

Годинава интересот на медиумите, барем пред објавувањето на Извештајот (резултатите од мониторингот на медиумите за Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година ќе бидат објавени во следниот извештај) е многу намален, иако определени новинари веќе ги детектираа клучните критики и забелешки на Европската комисија – слободата на говорот и граѓанското општество, реформите во јавната администрација, судството, полицијата и др.

Имајќи го предвид актуелниот тренд, но и искуствата од претходните години, нашата препорака до медиумите и новинарите е повторно да станат активни во поттикнувањето на евроинтеграциите на Македонија, и професионално, аналитички и суштински да ги информираат граѓаните за овој исклучително важен процес.

# 4. Анализа

## 4.1 Фер и демократски избори: апели и очекувања

Во пресрет на почетокот на изборната кампања медиумите јавија за заедничката писмена изјава на шефовите на мисиите на ЕУ, НАТО, ОБСЕ и на САД во која од сите одговорни чинители беше побарано изборите да бидат во согласност со демократските стандарди и да се одвиваат без заплашување и насилсство.[1] Медиумите пренесоа дека во изјавата се изразува поттик „*Владата и другите релевантни институции да осигураат дека изборниот процес ја има довербата на сите политички партии и пред се на граѓаните*."[2]

Медиумите ги пренесуваа и изјавите на новиот известувач на Европскиот Пармалент за Македонија, Ричард Ховит, според кого предвремените парламентарни избори ќе бидат од клучно значење за државата во нејзиниот интегративен процес[3] како и „*важен и неодложен предизвик*" во кој „*вашето однесување ќе биде клучно за европската интеграција на земјава, во исто време покажувајќи посветеност на Копенхашките критериуми*."[4]

На апелите им се придружи и амбасадорот Соренсен кој им порача на лидерите да внимаваат на своето однесување, бидејќи меѓународните набљудувачи ќе ги следат нивните активности.[5] Медимуите ја пренесоа и следната негова изјава: „*Имаме меѓународни набљудувачи и ќе бидеме во контакт со нив за да видиме што кажуваат за текот на изборниот процес... Ова е како фудбалски натпревар, ќе зборуваме по него*."[6]

Охрабрувања и предупредувања пристигнуваа и од други страни. Медиумите го пренесоа апелот на Жан Шарл Гардето, претседавачот на предизборната делегација на Пармалентарното собрание на Советот на Европа, според кој сите политички актери имааат огромна одговорност кога се одржуваат избори во едно мултиетничко општество.[7] Поради вжештената атмосфера, медиумите пренесуваа предупредувачки пораки од дипломатски извори: „*Вашата земја веќе заостана во спроведувањето на ЕУ-агендата и ако ОДИХР веднаш по изборите рече дека не биле според стандардите, тоа ќе значи уназадување на патот кон Унијата. А никој не сака да останете таму каде што сте, туку да одите напред*."[8] Апели за „*мирни и чисти избори*" испрати и словенечкиот дипломат Роберто Бетели, шеф на набљудувачката мисија на ОБСЕ,[9] а медиумите јавија за активниот ангажман на амбасадорката Филипини во кампањата „*Фер избори*" во чии рамки се сретнала со жени Турчинки од гостиварскиот регион.[10] На зачестените апели на меѓународните пријатели реагираа домашните експерти со критика за ниското ниво на политичка култура на домашните лидери: „*За мене е понижувачко некој денеска мене да ми каже јас како треба да се*

[1] Канал 5, 13.05.2011
[2] Нова Македонија, 14.05.2011
[3] МТВ 1, 14.05.2011
[4] Канал 5, 11.05.2011
[5] КАнал 5, 18.05.2011
[6] Алсат, 11.05
[7] Вечер, 20.05.2011
[8] Дневник, 31.05.2011
[9] Коха, 02.06.2011
[10] Утрински весник, 03.06.2011

*однесувам односно да ме упатува што треба да правам или не треба да правам*" (Јове Кекеновски).[11]

## 4.2 ЕУ агендата во кампањата на политичките партии

Во текот на предизборната кампања, медиумите ги пренесуваа пораките на политичките партии околу нивните визии за евроинтеграцијата на земјата. Најконкретен околу потребата за брзо решавање на спорот со Грција, а со цел - влез во ЕУ и НАТО, беше лидерот на ВМРО-НП, Љубчо Георгиевски.[12]

Големо внимание медиумите му посветија на говорот на Али Ахмети, кој на еден од митинзите рекол дека на државата не и требаат споменици, туку брзо интегрирање во ЕУ и НАТО: „*Сите политичари немаат храброст да донесат големи одлуки. Големите политичари носат големи одлуки и сега е време да не се провоцираме, туку да седнеме да ги решиме проблемите со кои се соочуваме*. Треба да го решиме проблемот со името за *Македонија да стане членка на НАТО и да ги почнеме преговорите со ЕУ, бидејќи утре може да биде доцна.*"[13]

Медиумите ги пренесуваа и оценките на опозициската СДСМ дека во однос на ЕУ агендата „*Македонија седи во место, додека сите околу неа трчаат*"[14], како и верувањата за што поскоро зачленување на Македонија и НАТО: „*Новата влада ќе ја врати Македонија на брзата лента и за НАТО и за ЕУ. ЕУ и НАТО ни требаат сега и веднаш за да се подигне стандардот и да влезат нови инвестиции*."[15]Медиумите ги пренесоа и критиките на кандидатката на оваа партија за премиер, Радмила Шекеринска, за непотрошените пари од ИПА фондовите, за што таа вината ја лоцираше во „*лошата администрација, нејзината партизираност и непрофесионалност, но и немањето интерес од власта, бидејќи европските пари ќе мора да се трошат под строгите правила и контрола на ЕК, и само за тоа за што се наменети*."[16] Медиумите ја пренесоа веста за промената на ставот СДСМ околу евентуалниот референдум за името, како заложба на партијата за прекинување на „*штетниот процес на т.н. антиквизација*".[17]

Критики за застојот во евроагендата пристигнаа и од страна на лидерот на ДПА, Мендух Тачи, кој ја посочи ДУИ како виновник што „*Македонија никогаш нема да може да влезе во НАТО и ЕУ затоа што не се почитуваат граѓаните од иние што се на власт*."[18] Во некои медиуми беше пренесена и веста дека и Обединети за Македонија се залагаат за „*забрзан влез во ЕУ и во НАТО*",[19] а медиумски простор доби и изјавата на Живко Јанкуловски од ПОДЕМ: „*Веќе е време Македонија да го фати европскиот воз, да ја надмине 20-годишната криза и да овозможи иднина и перспектива за младите луѓе во оваа држава*."[20]

[11] Алсат, 13.05.2011
[12] Коха, 11.05.2011
[13] Утрински весник, 03.06.2011
[14] Дневник, 25.05.2011
[15] Време, 21.05.2011
[16] Утрински весник, 01.06.2011
[17] Дневник, 19.05.2011
[18] Дневник, 01.06.2011
[19] Утрински весник, 03.06.2011
[20] Утрински весник, 03.06.2011

## 4.3 Орбан и и десничарите во предизборниот караван

Во периодот опфатен со овој мониторинг, во Македонија допатуваа многумина десно ориентирани европски политичари, кои остварија средби со челниците на ВМРО-ДПМНЕ и и изразија поддршка.

Најголем простор беше одвоен за посетата и средбите на унгарскиот премиер Виктор Орбан, чија држава во тој период беше претседавач со ЕУ. Медимите ја пренесоа неговата изјава дадена по средбата со Груевски: „*Не е моја работа да бидам пристрасен за билатералните односи на Македонија. Мојата работа е да ги застапувам интересите на Европа, а тие интереси се Македонија што поскоро да влезе во Унијата*".[21] Некои од медиумите забележаа дека Орбан во ниту еден момент директно не го спомна прашањето за името.[22] Публиката доби информација и за неговата посета на Бизнис форумот на Стопанската комора на Македонија,[23] каде што не изостанаа пофалби за реформите: „*Ако погледнеме во даночниот систем, ако ги погледнеме реформите во судството и во администрацијата ќе заклучиме дека според критериумите Македонија стои многу добро и ако и дадат можност да ги отпочне преговорите и и ги одврзат рацете може да напредува многу побрзо*."[24] Најинтересна за медиумите беше неговата отворена поддршка за владејачката ВМРО-ДПМНЕ: „*Јас би дошол и на митинг во кампања, ако бидам повикан*."[25]

Дел од медиумите потсетија дека годинава Орбан беше мета на критики на Европската унија поради контраверзниот закон за медиуми,[26] додека други беа уште поилустративни со самите наслови на прилозите: „*Автократот Орбан во кампањата на Груевски*?".[27]

Медиумите информираа и за посетата на европратеникот од Словенија, Лојзе Петерле, кој остварил средби со вицепремиерот Наумовски и претседателот Иванов,[28] а со пофалби за кампањата се јави и гостинот на ВМРО-ДПМНЕ, европратеникот Бернд Поселт: „*Мислам дека кампањата е многу добра, демократска е и земјата е на добар пат со европски манири.*"[29] Отворено во одбрана на владејачката партија застана и словенечкиот европратеник, Милан Звер: „*Предвремените избори би имале дури негативно влијание во приближувањето кон ЕУ, доколку добие политичка опција која има помал успех во реализирањето на реформите во споредба со актуелната власт*."[30] Медиумите информираа дека во поддршка на ВМРО-ДПМНЕ во Македонија допатуваа шведските европратенички Ана Ибрисагиќ[31] и Ана Валбурга Фон Хабсбург, која повика на поддршка за ВМРО-ДПМНЕ како „*единствената партија што се има докажано пред европската политика, има поддршка и е ангажирана на европски прашања*."[32]

---

[21] Алсат, 12.05.2011
[22] Алфа, 12.05.2011
[23] Алсат, 12.05.2011
[24] МТВ 1, 12.05.2011
[25] Телма, 12.05.2011
[26] А1, 12.05.2011
[27] Време, 13.05.2011
[28] МТВ2, 19.05.2011
[29] Сител, 29.05.2011
[30] Коха, 04.06.2011
[31] Дневник, 21.05.2011
[32] Дневник, 26.05.2011

Медиумите го покрија и „*денот на опозицијата во Брисел*"средбите на Шеќеринска и Пендаровски со комесарот Филе, како и на Љубе Бошковски со Кристијан Хедберг.[33] Според Шеќеринска, „*ставот и во Скопје и во Брисел е идентичен – без европска перспектива и без НАТО членство Македонија ќе има неуспесии на политички и на економски план*."[34] Медиумите го пренесоа и коментарот на Бошковски за средбата: „*Хедберг се интересираше за поставеноста на политичките партии ште не се поддржани од медиумите под контрола на актуелната власт. Ние кажавме дека единствен медиум од кој очекуваме да ги следи нашите активности во предизборието е А1, како независен медиум*."[35]

## 4.4 Соренсен си заминува

Во кулминацијата на предизборната кампања, медиумите информираа дека по само три месеци поминати во Македонија, Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика на ЕУ, Кетрин Ештон, го назначила евроамбасадорот Петер Соренсен за амбасадор на ЕУ во Босна и Херцеговина.[36] Образложението пренесено од медиумите гласеше: „*Петер Соренсен носи единствено искуство во Босна и Херцеговина и поширокиот балкански регион во оваа работа. Според мене, нема поквалификувана личност што треба да ја преземе оваа подобрена улога на шеф на делегација*."[37] Медиумите консултираа дипломати, според кои, овој потег остава „*лош впечаток за начинот на кој ЕУ ја води својата надворешна политика*,"[38] а за други овој чин е доказ дека „*Ештон носи ад хок одлуки за земјава наместо да планира долгорочно и на систематски начин*."[39]

## 4.5 Враќање на визите ?

Во периодот опфатен со мониторингот, медиумското внимание беше преокупирано со барањето на Данска и Белгија за суспензија на безвизниот режим, а стана збор и за можноста ЕУ во јуни да воведе механизми за привремена суспензија.[40] Медиумите ги пренесуваа и предупредувањата на европратеничката Тања Фајон: „ *Реално е да се очекува Советот на министрите и ЕУ во јуни да потврдат механизам за привремен прекин на визната либерализација*".[41] Истовремено, медиумите информираа за активностите на македонските институции во насока на намалување на злоупотребите како што беше предлогот за надополнување на Кривичниот закон, враќањето на 350 потенцијални азиланти од граничните премини и формирањето на посебни инспекторски тимови за спречување на злоупотреба на безвизниот режим.[42] Медиумите информираа и дека министерката за внатрешни работи, Јанкуловска, и шефот на СЕП, Наумовски, на патниците кои ја напуштале Македонија на преминот Табановце им делеле флаери со информации за условите на визната либерализација.[43]

---

[33] Алсат, 12.05.2011
[34] А1, 13.05.2011
[35] Време, 13.05.2011
[36] МТВ2, 30.05.2011
[37] Утрински весник, 31.05.2011
[38] Дневник, 31.05.2011
[39] Дневник, 01.06.2011
[40] Време, 13.05.2011
[41] Коха, 18.05.2011
[42] Коха, 19.05.2011
[43] МТВ1, 22.05.2011

Некои од медиумите потсетуваа дека во злоупотребата на визниот режим се вмешани туристички агенции под заштита на власта.[44] Медиумите пренесуваа и видувања на претставници на СДСМ кои потсетуваа дека со години „*Владата не преземала ништо*“, иако проблемот со зголемениот број азиланти „*трае практично од самото воведување на безвизниот режим*.“[45] Пренесен беше и ставот на бившиот вице-премиер за евроинтеграции, Ивица Боцевски: „*Целиот овој процес е процес поврзан со организираниот криминал, процес во кој се вклучени криминални босови, во кој е вклучено криминалното подземје, кој го организираат криминогени агенции за организирање на туристички патувања.*“[46] Во овој контест, јавноста беше информирана за смирувачките тонови на европратеничката Дорис Пак, која објасни дека постои можност за враќање на визите, доколку се потрошат сите мерки за намалување на бројот на странски емигранти,[47] а истовремено и ја охрабри Владата да и се посвети на едукацијата на населението околу условите на визната либерализација.[48] По изборите, медиумите известуваа за намален број македонски азиланти во Германија,[49] како и за зголемениот број граѓани на кои на граничните премини не им бил дозволен излез од земјата.[50]

## 4.6 Името: неизбежна тема

Во периодот пред и за време на предизборната кампања, прашањето за името беше ретко експлоатирано од политичките партии. Медиумите го пренесоа позитивниот став на министерот за надворешни работи, Милошоски, околу апелот на генералниот секретар на ОН, Бан Ки-Мун до претседателот Иванов за иницирање на преговарачка средба по изборите.[51] Медимуите ги коментираа препораките на Бан Ки-Мун со доза сомнеж дека што било може да се промени во време на избори, потсетувајќи на претходните изборни циклуси.[52] Медиумите ги коментираа и ставовите на албанските политички партии, констатирајќи дека декларативните заложби за брзо зачленување во НАТО и ЕУ не им се поткрепени со никакви рокови и кокретни активности.[53] Медиуимите ги пренесоа и анализите на грчките медиуми, дека решавањето на името е практично невидливо во програмите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.[54]

По изборите, спорот за името како тема се наметна со „слетувањето“ на контроверзниот споменик на Воинот на коњ, во центарот на Скопје. Притоа, новинарите ја пренесоа реакцијата на грчкиот министер за надворешни работи, Ламбринидис, кој ги обвини македонските власти за „*иредентизам и неразбирање на поентата на европската интеграција*“,[55] а стана збор и за „*грчка офанзива*“ во Европската унија, каде европратеничката Марилена Копа испрати писмо до Европската комисија во кое побара проблемот со споменикот итно да се постави пред македонските власти.[56] Исто така, јавноста беше известена за големото внимание кое

[44] Време, 19.05.2011
[45] А1, 22.05.2011
[46] Алфа, 26.05.2011
[47] МТВ2, 27.05.2011
[48] Коха, 28.05.2011
[49] Вечер, 23.06.2011
[50] Вечер, 30.06.2011
[51] МТВ1, 11.05.2011
[52] Нова Македонија, 11.05.2011
[53] Коха, 25.05.2011
[54] Утрински весник, 31.05.2011
[55] Алфа, 22.06.2011
[56] А1, 22.06.2011

го предизвикало поставувањето на споменикот во светските медиумски агенции како Франс прес, Асошиејтед прес и Ројтерс.[57]

Големо внимание во медиумите беше посветено на десеттата по ред средба на премиерот Груевски со неговиот грчки колега Папандреу, кој по средбата изјави: „*Немаме намера да учествуваме во ваква мобилна комуникација за прашањето за името. Време е за суштински преговори и Грција е подготвена за тоа доколку постои политичка волја кај другата страна*“.[58] Медиумите пренесуваа и аналитички видувања дека поради немањето напредок и провокациите грчката власт ваквите средби се повеќе ги смета за беспредметни,[59] додека стана збор дека на средбата преовладувале „*тонови на нервоза*“.[60] Груевски по средбата не даде изјава, а медиумите го пренесоа соопштението од владиниот кабинет во кое средбата се опиша како „*дел од континуираниот македонско грчки дијалог.*“[61] Во истиот период, медиумите

известуваа за посетата на Хилари Клинтон на Атина, каде таа повторно нагласи дека решавањето на спорот за името е услов за членство во ЕУ,[62] што беше протолкувано како „*студен туш*“ за македонските власти и порака дека „*топката за спорот за името е во рацете на македонскиот премиер*“.[63]

## 4.7 Оценки за изборниот процес

Веднаш по објавувањето на неофицијалните партиски резултати, со честитка до победничката ВМРО-ДПМНЕ се јавија челниците на опозицијата. Најголемо медиумско внимание предизвика изјавата на Бранко Црвенковски: „*И јас ги упатувам моите честитки до господинот Грувски за изборниот резултат. Народот секогаш е во право, дури и кога греши.*“ [64]

Медиумите јавуваа за првичните коментарите на ОБСЕ и ОДИХР, кои изборите ги опишале како „*мирни, транспарентни и натпреварувачки*“, а ја пренесоа и изјавата на Роберто Батели, специјалниот координатор на набљудувачката мисија на ОБСЕ: „*Овие избори го поставија камен темелникот за стабилна и демократска иднина.*“[65]

Медиумите ја пренесоа и првичната оценка од ЕК: „*Од она што засега го знаеме, изборниот ден беше одбележан со политичка зрелост, висока излезност и добра партиципација од политичките партии.*“[66] Медиумите информираа дека најпозитивен белег кај европските набљудувачи оставил големиот одзив.[67]

Јавноста беше информирана и за препораките на Дорис Пак која изрази надеж дека „*по изборите дијалогот меѓу идната власт и идната опозиција ќе биде повторно воспоставен и дека дискусиите меѓу нив ќе бидат полесни*“, на што се надоврза европратеничката Тања Фајон нагласувајќи дека на Македонија и е потребен чекор

[57] Нова Македонија, 23.06.2011
[58] Време, 25.06.2011
[59] Дневник, 25.06.2011
[60] Алсат, 24.05.2011
[61] Шпиц, 15.06.2011
[62] Вечер, 23.07.2011
[63] Утрински, 21.07.2011
[64] МТВ1, 06.06.2011
[65] Канал 5, 06.06.2011
[66] МТВ1, 06.06.2011
[67] Вечер, 07.06.2011

напред, поради тоа што очекувањата во Брисел и Стразбур се дека „*извештајот на Европската комисија во октомври ќе биде критичен*."[68]

Со порака дека изборите биле натпреварувачки, транспарентни и добро спроведени, како и со пофалба за добриот одзив, во официјално заедничко соопштение се огласија Кетрин Ештон и Штефан Филе: „*Ја повикуваме Владата да ги спроведе препораките на набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДИХР. Како држава кандидатка за членство во ЕУ државата мора да се насочи кон идните шанси и предизвици. Новата Влада мора брзо да ги преземе реформите неопходни за напредок на државата кон Унијата, а опозицијата треба да даде конструктивен придонес. Ја потенцираме важноста Владата да преземе чекори кои ќе обезбедат добрососедски односи* ."

Некои од медиумите информираа и за деловите на извештајот на ОДИХР, во кои „*се изразува загриженост за непристрасноста на медиумите, промените на Изборниот законик непосредно пред изборите, прецизноста на гласачките списоци и недоволната одвоеност на владеачката партија од државата во кампањата*", а наведени беа и заплашувањата на јавната администрација.[69]

Медиумите ја пренесоа и оценката околу изборниот процес на претседателот Иванов, според кој на изборите победи демократијата: „*По овие избори, јасно е дека веќе имаме стабилен демократски поредок, дека регуларноста на изборите во Македонија е веќе затворено прашање*."[70] Консултираа и експертски видувања, како она на профосорот Димитар Мирчев, според кого „*има индикации дека го исполнуваме политичкиот критериум на ЕУ што ќе доведе до препорака за почеток на преговорите наесен*.[71]

Не изостанаа ниту експертски и новинарски коментари на изборните резултати. Според Љупчо Поповски, овие избори покажале дека „*Груевски и просечниот Македонец сеуште се партнери врз кои не влијаат ниту обвинувања, ниту афери, ниту сиромаштија, ниту тоа што балканскиот воз кон ЕУ и НАТО само што не испаднал од шините*."[72] Според Петар Арсовски, „*нема посебна анализа, туку едноставно, гласачите сметаат дека политиката што ја води ВМРО-ДПМНЕ е подобра од политиката што им ја нуди СДСМ*."[73] За Сашо Ордановски два најзначајни моменти се тоа што „*СДСМ успеа за помалку од шест месеци повеќе од двојно да го зголеми бројот на своите пратеници во парламентот, а ВМРО-ДПМНЕ успеа да ги прегази своите конкуренти во десницата*."[74]

## 4.8 Полско претседателство

Во периодот опфатен со овој мониторинг, Полска го презеде претседавањето со ЕУ од Унгарија. Во овој контекст, предмет на голем медиумски интерес беше унгарскиот амбасадор во Македонија, Кекеши, кој го објасни залагањето на Унгарија за Македонија со образложение дека проширувањето не е „*само во интерес на*

[68] Време, 07.06.2011
[69] Утрински весник, 07.06.2011
[70] МТВ1, 06.06.2011
[71] МТВ1, 06.06.2011
[72] Утрински весник, 07.06.2011
[73] Утрински, 07.06.2011
[74] Утрински, 7.06.2011

*Македонија, туку на сите земји членки на ЕУ*“[75] и со тврдењето дека неговата земја „*успеала да го насочи вниманието на Брисел кон македонскиот случај*“.[76] Истовремено, медиумите го пренесоа неговиот став дека спорот за името треба да биде решен што побрзо,[77] додека некои од медиумите потсетија на неисполнетите ветувања на унгарскиот премиерот Орбан дека Македонија и прашањето за отпочнување преговори ќе се држи високо на европската агенда.[78]

Медиумите ја информираа јавноста за поддршката која Полска ја добила од Европскиот Парламент за програмата во која приоритети се проширувањето, конкурентноста, енергетската сигурност и безбедноста на храната.[79] Големо внимание им се посвети на охрабрувачките зборови на полскиот амбасадор во Македонија, Карол Бахура, кој уверувајќи дека проширувањето е на врвот на полската агенда,[80] тврдеше: „*не е прашање дали, туку кога Македонија ќе стане членка на ЕУ*“[81]. Тој ја нагласи неопходноста за продолжување на реформите и сликовито препорача: „*Ако преговорите со Брисел официјално не се отворени, не значи дека треба да сопрат реформите. Ако е затворена вратата, обидете да влезете преку прозорецот*.“[82]

Некои медиуми забележаа дека на церемонијата на преземање на претседавањето со ЕУ, полскиот претседател не го спомнал Западниот Балкан,[83] а ги пренесоа и пораките на Баросо дека ЕУ мора да продолжи со проширувањето.[84]

## 4.9 Дипломатски активности

Пред формирањето на Владата, медиумите јавија за низа дипломатски активности на македонските државници. Сите медиуми информираа за учеството на претседателот Иванов на конференцијата „*Соочување со иднината*“, која се одржа во Израел под покровителство на претседателот Шимон Перес,[85] каде тој во својот говор повика на нов импулс во проширувањето на ЕУ, поголема отвореност и евроинтеграција.[86]

Претседателот беше во фокусот на медиумското внимание и како организатор на Третата регионална лидерска средба во Охрид со претседателите на Албанија, Косово и Црна Гора.[87] Медиумите ги пренесоа неговите уверувања дека земјите учеснички на самитот „ги *споделуваат европските вредности и идентичната визија за иднината*“, која е возможна само преку „“*интензивна билатерална соработка, но и најбитното преку регионалната соработка*“.[88]

Медиумите ја најавија посетата на премиерот Груевски на Брисел за време на состанокотна Европскиот совет, а посебно се осврнаа на информацијата дека од Орбан ќе бара помош за ставање на Македонија на дневниот ред.[89] Медиумите

[75] Телма, 27.06.2011
[76] Сител, 27.06.2011
[77] Алсат, 27.06.2011
[78] Алфа, 27.06.2011
[79] Вечер, 28.06.2011
[80] Нова Македонија, 02.07.2011
[81] Вечер, 02.07.2011
[82] Нова Македонија, 28.06.2011
[83] Алфа, 6.07.2011
[84] Канал5, 06.07.2011
[85] Дневник, 23.06.2011
[86] Канал5, 22.06.2011
[87] А1, 11.07.2011
[88] Коха, 12.07.2011
[89] Вечер, 22.06.2011

информираа за одржаната средба на Груевски со еврокомесарот за проширување, по која Филе во соопштение нагласи дека за задржување на препораката потребни се реформи во јавната администрација, судството, борбата против корупцијата и слободата на изразување.[90] Слични пораки дојдоа и од претседателот на Европската комисија, Баросо кој потврди дека „*без следење на реформскиот процес не може да се овозможи надежта за членство*."[91]

Во истиот период, медиумите информираа за учеството на шефот на дипломатијата Милошоски на форумот на шефови на дипломати на членките на ЕУ и на државите од Западниот Балкан во Луксембург. Јавноста беше информирана за неформална средба на Милошоски со новиот грчки министер за надворешни Ламбринидис на која била закажана нова средба.[92] Потоа, медиумите информираа дека средбата, која била планирана да се одржи на самитот на државите од Југоисточна Европа во Будва, била откажана.[93] Милошоски на самитот во Будва нагласил дека принципот за добрососедство како критериум за влез во ЕУ треба да важи и за земјите членки.[94]

Медиумите известија за посетата на Груевски на Прага, каде Македонија од Чешка го презела претседавањето со Декадата на Ромите.[95] Најголемо медиумско внимание предизвика средбата на Груевски со основачот на Фондацијата отворено општество, Џорџ Сорос, на која Сорос му понудил на Груевски поддршка за полесен и побрз пристап до фондовите на ЕУ за прашања што се поврзани со социјалната инклузија на Ромите и активностите со Декадата на Ромите, а според информациите било договорено комуникацијата да продолжи на оперативно ниво.[96]

## 4.10 Експозе

Медиумите известуваа за експозето на Премиерот во кое вети дека со реализација на новата владина програма Македонија за четири години ќе биде модерна европска држава,[97] а интеграцијата во ЕУ и НАТО и во новиот мандат останува еден од петте приоритети.[98] Во медиумите најмногу се анализираше професионалниот профил на новиот министер за надворешни работи Никола Поповски[99], како и економскиот дел од предложената владина програма.[100] Медиумите го пренесоа и ставот на Груевски по спорот за името, кој го изразил во експозето: „*Владата нема да прифати промена на Уставот со цел промена на уставното име на Република Македонија. Нема да прифати идеи и предлози што би ги загрозиле македонскиот национален идентитет, засебноста на македонската нација и македонскиот јазик. Нема да дозволиме кое било решение за спорот кој го наметна Грција да биде прифатено без претходно за тоа да се изјаснат македонските граѓани на референдум, а при тоа мнозинството од граѓаните кои ќе се изјаснат на тој референдум да се*

[90] А1, 24.06.2011
[91] Алфа, 24.06.2011
[92] Вечер, 22.06.2011
[93] Дневник, 30.06.2011
[94] Нова Македонија, 30.06.2011
[95] Дневник, 28.06.2011
[96] Утрински весник, 28.06.2011
[97] Дневник, 28.07.2011
[98] Нова Македонија, 28.07.2011
[99] Нова Македонија, 28.07.2011
[100] Вечер, 28.07.2011

*согласни со можното решение на Груевски околу решавањето на спорот за името*“.[101]

## 4.11 Забелешките на ЕУ

По изборите, во медиумите се најде и простор за критички забелешки на претставници на цивилното општество околу состојбата со демократијата во државата, кои се поклопуваат со забелешките на Брисел. Медиумите го пренесоа ставот на Хелсиншкиот комитет дека „*сиромаштијата, непочитувањето на основните човекови права, владеењето на правото, слободата на изразување, борбата со дискриминацијата се точки кои реално никогаш не биле во врвот на агендата на политичкиот врв*“.[102] Според претседателот на Хелсиншкиот комитет, Осман Кадриу „*и да се реши спорот за името, справувањето со криминалот и корупцијата ќе претставува пречка за пристап во ЕУ и во НАТО*“, а критики упати и кон праксата на спектакуларни апсења и полициски акции без докази.[103]

Сепак, летото најмногу се дискутираше за состојбата во медиумите. Медиумите ја пренесоа и реакцијата на МИМ и ЗНМ дека предложените измени на Законот за радиодифузна дејност се носат без широка јавна расправа и без јасна цел.[104] Забелешки за измените имаше и експертската јавност *поради „напуштањето на концептот за СРД како мало експертско тело*“. Критики за „*гушењето на медиумската слобода*“ пристигнаа и од европратеникот Јелко Кацин,[105] а медиумите ја пренесоа и загриженоста за слободата на медиумите на францускиот амбасадор Шлумберже, според кого „*плурализмот во мислењето и критика на владата се основи за функционирањето на демократијата, за информирање на граѓаните, а преку тоа и за подобрување на нивните животни услови*“.[106]

Медиумите информираа за посетата на генералниот директор на Генералниот директорат за проширување на ЕУ, Стефано Санино и неговите средби со повеќе политички актери. [107] Санино на претставниците на власта им ги пренесе главните забелешки на ЕУ околу реформите на јавната администрација, судството, справувањето со корупцијата и слободата на говорот,[108] а позитивно се осврна на успешно спроведените предвремени парламентарни избори.[109]

---

[101] Вест, 28.07.2011
[102] Нова Македонија, 25.06.2011
[103] Време, 25.06.2011
[104] Утрински весник, 14.07.2011
[105] А1, 19.07.2011
[106] А1, 08.07.2011
[107] А1, 27.07.2011
[108] Утрински весник, 28.07.2011
[109] Вечер, 28.07.2011